26 134

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista / Newspaper cutting: НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
29. II. 1980, 11889, 10,

СЕЌАВАЊА

# Хуманистички животен концепт

**• ДЕНОВИВЕ ВО ВИЛНЕВ, ШВАЈЦАРСКОТО ГРАТЧЕ ПОКРАЈ ЖЕНЕВСКОТО ЕЗЕРО КОЕ АВСТРИСКИОТ СЛИКАР ОСКАР КОКОШКА ГО ИЗБРА ЗА ЕДНО ОД ДВЕТЕ МЕСТА ВО КОИ ПОСЛЕДНИТЕ ДВАЕСЕТ И ШЕСТ ГОДИНИ ЖИВЕЕШЕ, СТИГНА ВЕСТА ЗА НЕГОВАТА СМРТ**

**ОД ШВАЈЦАРСКОТО ГРАТЧЕ** Вилнев, на брегот на Женевското езеро, деновиве стигна вест за смртта на познатиот австриски сликар **Оскар Кокошка**, еден од најпознатите претставници на експресионистичкото сликарство.

Овој сликар на инстинктот и длабоката емотивност, кој сензибилно и доследно ги бележеше состојбите на сопствената психа, кој живееше интензивно во повеќе европски, северноафрикански и средноисточни градови не само во својата младост, од 1954 година се определил за наизменично престојување во Салцбург, каде оттогаш почна да ја води својата приватна школа и Вилнев, каде конечно и се успокои. Драмата што пламти од неговите слики ќе остане и натаму како драма на незауздени и субјективни визии на светот и истовремено драма на едно вознемирено време во кое сликарот длабоко учествуваше.

Кокошка на деветнаесет години ја започнува Виенската школа за применета уметност. Неговите први трудови веќе носат личен печат на морбидна психолошка анализа и страственост, иако се одраз на сецесионистичкото сфаќање. Во рамките на Виенската уметничка работилница изведува илустрации, нацрти за предмети и слика дописници. Во 1908 година ги пишува своите први драми во кои се насетуваат темите со кои Кокошка во својот подоцнежен сликарски и литературен опус ќе се зафаќа: човекот во судир со судбината, мистичното двојство на човековата природа, односите на релација маж — жена во кои е содржано движењето и трагиката на човековиот животен пат.

**ВО ПРВАТА И ВТОРАТА** деценија од векот, Кокошка слика портрети на тогаш познати личности и пејзажи со немирна и нервозна линија и со боја која ѝ е подредена. Во 1916 година е ранет на источниот фронт (на галициското боиште) и, се разбира, доживувањата од војната не останаа без влијание врз неговите слики: акцентите стануваат посилни, бојата, потврда, потегот измачен и тежок. Во третата деценија тегобата што му ги грчеше и изобличуваше физиономиите, постепено исчезнува: поранешните теми — актовите, мртвите природи и пејзажите се ослободени од внатрешниот притисок. Монмартр од 1924 година, француските импресионисти и доживувањето на пејзажот дефинитивно го оформуваат неговиот начин на изразување кој подоцна веќе нема да се измени. Во овој период се раѓаат неговите неповторливи „портрети“ на градови и пејзажи: Монблан, Лион, Венеција, Цариград, Марсеј, Санта Мариа дела Салуте, Тауер Бриџ во Лондон и други, кои, покрај поранешните, како што се Фореловиот портрет, Невестата на ветрот, Автопортретот навистина спаѓаат во редот на најистакнатите достигања на сликарството на овој век.




**Оскар Кокошка: Ретко се случуваше насмевката потполно да премине во тага**

**ИНАКУ, СО СВЕЖО СЕКАВАЊЕ** ќе остане и изложбата на графики на овој голем сликар во 1978 година во Скопје ја организираше Музејот на современата уметност. Тој како седумдесеттодишник повторно му се посвети на подрачјето на графиката — на литографијата, бакрописот и сувата игла. Со крајната спиритуализација на човековото тело, Кокошка призна дека тоа е носител и на телесниот и на душевниот човеков живот. Приказите на Курос, од кои еден беше умножен во техниката на ситопечат и употребен како плакат за Олимпијадата во 1972 година, ликот на момчето не претставува ништо од традиционално наследениот поим за атлетското. Неговата графика од раните и како и од подоцнежните периоди е одраз на еден хуманистички животен концепт.

С. Ѓ.